**СКОПЈАНКАТА ИВАНА ЧОЛАКОВСКА СО МОТОР ГО ОБИКОЛУВА СВЕТОТ**




# Со сопругот станавме ловци на соништа



Сите посакуваат да го прошетаат светот, но малкумина ја имаат таа можност. Да се има Земјината топка на дланка ѝ успева на скопјанката Ивана Чолаковска, која со нејзиниот сопруг Шпанецот Ману, со мотор го обиколуваат светот веќе трета година. Патувањето го нарекле проект "Араунд Гаиа" или "Околу планетата", и досега Ивана го развеала македонското знаме во над 30 држави на различни континенти. Моментно се наоѓаат во Јужна Америка, во Колумбија, од каде што ќе заминат за Панама, па потоа за Америка и Северниот Пол.

"Никогаш не помислував дека еден ден ќе почнам ваков голем проект. Сонував да патувам во различни држави, да видам разни знаменитости, но сето тоа, додека бев во Скопје, ми се чинеше невозможно. Воопшто не помислував дека еден ден тоа ќе го живеам, ќе шетам низ светот, и тоа со мотор. Не бев девојка која е љубител на

*Ивана во Куско, Перу, во градот на Инките*

**На ова патување, јас и мојот сопруг научивме за многу различни култури, традиции, стекнавме многу пријатели, видовме многу природни убавини, најубавите светски градби и икони, сé она што некогаш сум го гледала само на слики**

авантура и ризици, но едноставно, еден ден му се препуштив на патот и на она што судбината го има подготвено за мене. Ги затворив очите и им се препуштив на предизвиците. Со Ману се запознавме на одмор во Грција. Кога го запознав, тој веќе неколку години имаше искуство со вакви слични патувања, и многу ме заинтересира овој номадски начин на живот- малку багаж, а многу илузии. Со него се претворивме во ловци на соништа", вели Ивана.

За да ја почнат авантурата, Ивана и Ману се подготвувале две години. Вели дека ништо не се случило лесно туку со многу труд. Работеле и штеделе пари за да го почнат проектот. И покрај тешкотиите, сега зад нив се поминати две години и над 70.000 километри.



*Ивана во Тајланд пред огромен споменик на еден будистички монах*

**Не знаев дека на патувањето ќе станам амбасадор на нашата земја. Ме нарекуваа девојката од егзотичната земја наречена Македонија, која патува околу светот. Добив понуди за пишување книга, за снимање документарец. Ми даваат простор, за да имам можност, на крајот на ова патување да ги кажам сите тајни и најдобри приказни.**




*Ивана на Мачу Пикчу, во Перу*

"Сета авантура е полна со емоции, ризици и со откритија. Сонот се претвори во јаве, но за да почне и да трае сето ова, моравме да најдеме средства, да го наполниме резервоарот со бензин и да продолжиме со собирање на магични моменти. За да го издржиме патувањето, почнавме со продажба на приказни, искуства и на фотографии за списанија. Ова не го планиравме претходно, не знаев дека наеднаш ќе се претворам во новинар, но и ќе станам амбасадор на нашата земја. На многу места низ светов медиумите покажаа интерес за, како што ме нарекуваа, девојката од егзотичната земја наречена Македонија, која патува околу светот. Добив понуди за пишување книга, за снимање документарец. Ми даваат простор, за да имам можност, на крајот на ова патување да ги кажам сите тајни и најдобри приказни. Токму ова ми дава сила за да продолжам напред и да се вратам од спротивната страна на светот", вели Ивана.

Ивана и Ману патот го почнале од Севиља, Шпанија на 17 април 2013. Кога ќе ги поминат Америка и Северниот Пол, преку Русија, ќе се вратат повторно во Севиља, да го затворат кругот на патувањето, а тоа, како што вели Ивана, значи дека нејзиниот сон ќе потрае уште најмалку една и пол година.

"Секој треба да го живее својот сон и да го прави она што го прави среќен и што го исполнува. Без страв и двоумење да тргне во потрага по соништата. На ова патување не беше сé сјајно, ама и покрај многуте проблеми, продолжувам со освојување на патот. Научивме многу различни култури, традиции, стекнавме многу пријатели, видовме многу природни убавини, најубавите светски градби и икони, сé она што некогаш сум го гледала само на слики. И секогаш чувствувам посебна топлина кога ќе го развиорам македонското знаме. Бевме на саем во Колумбија, имав можност пред илјадници луѓе зборувам за Македонија и да им покажам на мапа каде се наоѓа. На фотографиите им се потпишував на македонски јазик", вели гордо Ивана.

На патувањето околу светот Ивана имала можност да се сретне со многу нашинци. Некои од нив многу ѝ помог-



нале, но како што вели, за жал, најлошото искуство го има, исто така, со Македонци што живеат во Австралија. Но една средба од овие патувања нема да ја заборави, а тоа е патувањето во Еквадор и средбата со актерот Кирил Поп Христов, кој со семејството веќе шест месеци живее таму.

"Од Фејсбук дознав дека Кили живее во Еквадор, и му пишав. Затоа со Ману решивме кај него да се одмориме, пред да продолжиме кон високите планини во Боливија и пустината во Перу. Отидовме во Олон, и имавме друштво што не можеше да биде подобро. Актерот Кили и неговото семејство ѝ пречекаа со широко срце. Јас и мојот сопруг немаме многу добро искуство со Македонците низ светот. Искрено, од претходни ситуации со наши сограѓани немав желба за повторни средби со Македонци, но оваа покана не можев да ја одбијам. Лично не го познавав Кили, но секогаш бев воодушевена од неговата личност и работа, и длабоко во себе знаев дека ќе биде интересно да поминеме неколку дена со него. И не се излажав", вели Ивана и додава:

"Нашите судбини, од различни причини, ѝ натераа да ја напуштиме нашата држава, и



# Кирил Поп Христов: За пет дена станавме семејство со Ивана

**А**ктерот Кирил Поп Христов, кој веќе шест месеци, со семејството, живее во Еквадор, е пресреќен што толку далеку од дома сретнал свој човек. За само пет дена дружење, Кили вели дека со Ивана и со Ману станале семејство.

"Им се восхитувам на луѓето што се решени да не живеат како сиот нормален свет. Ивана и Ману за мене веќе се поголеми од Алесандро Магно. За мене Ивана е малата девојка што го крстосува светот со нејзиниот Петар Пан. Ни се споија патиштата и поминавме 5-6 прекрасни дена во Еквадор. Многу тешко ни падна разделбата, и затоа не се ни поздравивме, како знак за неразделба. За толку кусо време станавме како семејство и се заколнавме дека повторно ќе се сретнеме некаде. Ги научив кое е вистинското значење на зборот патриот, бидејќи додека да дојдам овде, и јас не го знаев. Во Јужна Америка постои обичај младите, сé што ќе заработат да го вложуваат во патување низ континентот. Многумина има на пропатување кај нас, хостелите се преполни. Во разговор со нив дознав дека патриот значи да љубиш со сето срце сé што создал Бог на ова големо парче земја. Секоја планина, река, поток, секое дрво, цвет, секој камен или зрно песок. Тие си го сакаат континентот и не прават разлика дали тоа што го сакаат е во нивната или во друга земја. Тоа им го кажав на Ивана и на Ману, бидејќи и јас тоа порано не го знаев, пред да ме натера маката да се преселам во Еквадор", вели Кили.



*Во џунгла во Еквадор со дете од трибалско семејство*

ни ги спојa патиштата во Еквадор. Кога го сретнав, видов прогонет воин со метла в рака, со армија кучиња и неговата мала тврдина која се викаг ´Ел гран азул´ или Земја на чудата, која функционира како засолниште за патници со различен начин на размислување. Да се дружиш со Кили е како инјекција со позитивна енергија и беше мотивација за нас. Ситуацијата во која тој живее не е едноставна, но сепак, неговата позитивна енергија никогаш не паѓа, расте секој ден сé повеќе и повеќе. Живее на уличката во малото селце и е многу почитувани од заедницата на рибари што живеат таму и се многу традиционални. Соседите се среќни што Кили пристигнал кај нив, и многу ги почитуваат неговите квалитети и неговиот посебен карактер. Кили секој ден се движи без чевли, со неговите жолти бермуди. Не поминува ниту еден ден а да не му купи сладолед или овошје на малиот Алекс, син на соседите. Не поминува ден без да го види ликот на 85-годишниот сосед што живее во куќата на ќошето, кој му вели дека се подмладува и се полни со живот додека ги слуша мелодиите од пијаното на Кили. А Кили секое попладне свири разни песни и му ги пос-

*Во Чиле, во пустината Атакама*



ветува на старецот. Толку го имаат засакано, што не дозволуваат да си замине од оваа уличка. Искрено, Кили е најпосебната личност што ја запознавме на ова патување", вели Ивана.

Чекајќи ја визата за Америка, Ивана и Ману ја запознаваат Колумбија со Македонија и со нејзините убавини. Веќе престанало да ѝ биде чудно што има многу луѓе од различни држави кои не знаат дека Македонија постои, а камоли каде се наоѓа. Но таа неуморно ги запознава со нашите убавини и, како што вели, ова е една од убавите задачи кои си ги задала кога тргнала да го освојува светот со развиорено македонско знаме.

***В. Миленковска***